Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 27/0306
31.01 2019 год.
Скопје

30.01.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 јануари 2019 година, врз основа на примена жалба од ректор Вулнет Амети и група вработени на Државниот универзитет во Тетово, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Во изданието на емисијата „Клик Плус“, емитувано на 19 декември 2018 година на Телевизија „ТВ21“, прекршен е Кодексот на новинарите во членовите 1 и 7.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 17 јануари 2019 година, ректорот на Државниот универзитет во Тетово, Вулнет Амети и група вработени на Универзитетот, Хаки Исмаили, Шпреса Мемиши, Ибиш Кадриу, Рамазан Фетаи и Мендух Деари поднесоа жалба за изданието на емисијата „Клик Плус“ (Click Plus), емитувано на 19 декември 2018 година на Телевизија „ТВ21“ (www.tv21.mk).

Во жалбата се наведува дека во наведената емисија, водена од новинарот Агрон Врангала, биле искажани неточни и невистинити информации и клевети, со кои е повреден имиџот и угледот на ректорот Вулнет Амети, како и имиџот на Универзитетот и на група вработени на Универзитетот.

Подносителите на жалбата појаснуваат дека во еден дел од емисијата, на видео екран во студиото, била емитувана фотографија во облик на шема, на која биле прикажани ректорот Амети и поголема група вработени на Универзитетот, лица кои наводно биле вработени по роднинска линија на ректорот.

*„За истата информација (слика и шема), која е објавена спротивно на законите и Уставот на РМ, пред да биде објавена на горенаведената телевизија, требало да ме контактира мене, меѓутоа, истата, ниту ме контактираше мене, ниту зема мислење и став од моја страна и од дригите споменати лица“,* наведува ректорот Амети во поднесената претставка.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека Универзитетот бара објаснување од телевизијата во врска со изворот на информацијата (фотографија - шема), вклучително и барања за објавување демант и извинување.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „ТВ21“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „ТВ21“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 7:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес"..*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 28 јануари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената емисија. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во емисијата. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, заклучија дека темата на емисијата „Клик Плус" произлегува од јавниот интерес, дека носителите на јавни функции и институции, во случајов, ректорот Вулнет Амети и Тетовскиот универзитет, се легитимна новинарска цел и не смеат да бидат изземени од теми за кои јавноста има право да биде информирана. Но, во исто време, Комисијата се согласи дека авторот на емисијата, сепак, отстапил од основното новинарско правило да побара став од сите засегнати страни, во случајов, од ректорот или останатите вработени на Тетовскиот универзитет. Ова од причина, што со прикажаната шема, која потекнувала од социјалните мрежи и со тоа, има сомнително потекло и веродостојност, информацијата добила јавност. Уште повеќе, што со фотографијата се изложуваат сериозни обвинувања за наводен непотизам на Универзитетот, односно дека ректорот вработувал лица, кои му биле роднини.

Оттука, Комисијата најде дека во посочениот дел од емисијата е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, според кој, точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно, а доколку информацијата не може да се потврди или станува збор за претпоставка или шпекулација, тоа треба да се потенцира од авторот.

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна", односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците се морални императиви на новинарот и затоа, тој е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата заклучи дека во емисијата е прекршен и членот 7, според кој, новинарот треба да ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Оваа отстапка, пред сѐ се однесува на лицата, вработени на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Универзитетот, а прикажани на фотографијата – шема, ставени во негативен контекст. Ова од причина, што тие не се носители на јавни функции, како ректорот Амети. Правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација.

Критичкото следење на настаните, а особено на работата на носителите на јавни функции и државни установи се меѓу главните задачи на новинарите, но тоа, секогаш треба да биде во согласност со новинарските начела. Во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, носителите на јавните функции и јавните институции прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа. Новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, се со цел да поттикне јавна дебата на конкретна тема.

Во однос на барањето на жалителот, ТВ21 да објави демант и извинување за објавените информации, Комисијата не успеа да изгради став по ова прашање, со оглед дека не можеше да обезбеди информација дали ваквото барање било исполнето од страна на медиумот. Согласно редовната процедура, Советот за етика побара, но не доби одговор од медиумот да се изјасни за наводите на жалителот, вклучително и во однос на горespоменатото барање.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет Телевизија „ТВ21“ (www.тв21.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595